Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 , 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25 ) и член 129ª од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02),04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Демир Хисар со број 17-1207/20 од 23.12.2025 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**за организирање Јавен увид на**

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори од сончева енергија со намена Е1.13 со капацитет до 1 MW и придружни објекти на КП бр.36 КО Стругово, Општина Демир Хисар**

Се организира јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори од сончева енергија со намена Е1.13 со капацитет до 1 MW и придружни објекти на КП бр.36 КО Стругово, Општина Демир Хисар, изработен од Друштво за геодетски работи, трговија и услуги „ГЕО БАЛКАН" ДООЕЛ Битола, со техн.бр 11-15/1/2025 од август 2025 година.

Проектниот опфат се наоѓа во КО Стругово, односно 4.5 км од градот Демир Хисар. Наведената катастарска парцела, односно проектниот опфат на север се граничи со катастарска парцела: КП бр.13/3, КП бр.13 и КП бр.31 КО Стругово. На југ граничи со КП бр.100 КО Стругово. На запад граничи со КП бр.35 и КП бр.99/2 КО Стругово. На исток граничи со КП бр.2258 КО Стругово, која претставува пристапен пат односно земјиште под инфраструктурен објект.

Површината на вака оформениот проектен опфат изнесува 3595м2 или приближно околу 0,36ха. Намената на поединечна намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори.

Јавниот увид ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Демир Хисар-www.demirhisar.gov.mk., во времетраење од 15 дена, почнувајќи од 05-06-2026 до 19.06.2026 година.

Се известуваат сите заинтересирани граѓани и правни лица од конкретното подрачје дека во горе-наведениот рок може да доставаат забелешки, предлози, мислења на анкетни листови во општинската администрација.

Информации на тел. 047/ 552 661.

Бр. 11-528/1
04.06.2026г.

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Градоначалник
**Никола Најдовски**